Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018) и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020) и член 6 став 1 и став 3 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), на седницата одржана на 05-10-2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

## ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ

## НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. **Се одзема** лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.08-45/3 од 26-01-2018 година, на правниот субјект “ДОМАЛЕКС” ДОО Скопје со ЕМБС 7240180 со седиште на ул.”Анкарска” бр.29А лок.30, Скопје.
2. Решението влегува во сила од денот на правосилност.
3. Се известува правниот субјект “ДОМАЛЕКС” ДОО Скопје, да ја врати лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр. бр.08-45/3 од 26-01-2018 година, на Регулаторна комисија за домување во рок од осум дена од денот на правосилност на решението за одземање на лиценцата.

Образложение

Регулаторната комисија за домување врз основа на член 10 став 7 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020), и на член 6 став 1 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), **ја одзема** лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.08-45/3 од 26-01-2018 година, на правниот субјект “ДОМАЛЕКС” ДОО Скопје. Бидејќи Регулаторната комисија за домување согласно своите надлежности од член 109 став 1 точка 10 од Законот за домување при вршење на редовни периодични проверки на управителите за исполнувањето на условите врз основа на кои им е издадена лиценцата, по добиени податоци од Агенција за вработување на РСМ на 21.07.2021 година и на 30.09.2021 година, констатира дека правниот субјект, условите за поседување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради од член 10 став 4 точка 2 од Законот за домување, **не ги исполнува**.

Регулаторната комисија за домување согласно надлежностите од член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020), како и согласно Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбена зграда ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), е надлежна да издава, продолжува и одзема лиценци за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради.

На седницата одржана на 05-10-2021 год., Регулаторната комисија за домување, донесе Решение за одземање на лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.08-45/3 од 26-01-2018 година, на правниот субјект "ДОМАЛЕКС" ДОО Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против Решението за одземање на лиценца, дозволена е тужба пред Управниот суд, во рок од 30 дена од приемот на решението.

За покренување постапка пред надлежен суд подносителот да ја извести Регулаторната комисија за домување во рок од 8 дена по поднесување на тужбата.

Решението ќе биде објавено на веб страната на Регулаторната комисија за домување.

Бр.Уп. 08-13

Од 05.10.2021год.

Скопје

**Изготвил/контролирал**
**Јасмина Петреска**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за домување**
**М-р Зоран Маџовски**